# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

*Број 8 Јули 2010 година*

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, 2 јули 2010 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на опоштина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување Предлог урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу улица 1, улица 2, улица 3 и улица 11, плански период 2010-2020, Општина Илинден**

Се објавува Одлуката за донесување Предлог урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу улица 1, улица 2, улица 3 и улица 11, плански период 2010-2020, Општина Илинденсо арх.бр.07-1313/3 од 30.06.2010 година што Советот на општина Илинден ја усвои на 21 ( дваесет и првата ) седница одржана на ден 30.06.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на општина Илинден.

**Архив. Број 08-1357/1**
**Од 02.07.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 24 став 7 и став 8 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005, бр.137/2007 и бр.91/2009), а во врска со член 26 став 6 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005, бр.137/2007 и бр.91/2009), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 30.06.2010 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за донесување на Предлог Урбанистички план вон населено место Илинден за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу ул. „1“, ул. „2“, ул.„3“ и ул. „ 11“, плански период 2010-2020, општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши донесување на Предлог Урбанистички план вон населено место Илинден за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу ул.„1“, ул.„2“, ул.„3“ и ул.„11“, плански период 2010-2020, општина Илинден.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на урбанистичкиот план, се движи по следните граници:

- на север границата се движи по осовина на улица 3,
- на исток границата се движи по осовина на улица 11,
- на југ границата е дел од улица 1,

- на запад границата се движи по осовина на улица 2.

Површината на планскиот опфат изнесува 24.80 ха.

Со Предлог Урбанистичкиот план вон населено место Илинден за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу ул.„1“, ул.„2“, ул.„3“ и ул.„11“, плански период 2010-2020, општина Илинден, се предвидуваат зони со класа на намена :

- **Г2 -лесна и незагадувачка индустрија** со компатибилни класи на намени : Б1 – мали комерцијални и деловни намени, Г3 – сервиси, Г4 – стоваришта и Д2 – заштитно зеленило
- **Е2 - комунална супраструктура - трафостаница**

**Член 3**

Предлог Урбанистичкиот план вон населено место Илинден за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу ул.„1“, ул.„2“, ул.„3“ и ул.„11“, плански период 2010-2020, општина Илинден, со технички број У-13/10, изработен е од Друштво за просторно и урбанистички планови, инжинеринг и др. „УРБАН ГИС“ ДОО Куманово и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавна презентација и јавна анкета со број 10-863/13 од 10.06.2010 година.

**Член 5**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Илинден.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Бр.07-1313/3**
**Од 30.06.2010 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

# *С О Д Р Ж И Н А*

- Решение за објавување на Одлуката за донесување Предлог урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу улица 1, улица 2, улица 3 и улица 11, плански период 2010-2020, Општина Илинденсо арх.бр.07-1313/3 од 30.06.2010 година.........................................................................................................стр.1
- Одлуката за донесување Предлог урбанистички план вон населено место за дел од стопански комплекс КО Илинден – УБ1, измена и дополна, плански опфат помеѓу улица 1, улица 2, улица 3 и улица 11, плански период 2010-2020, Општина Илинденсо арх.бр.07-1313/3 од 30.06.2010 година......................стр.1-2